СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА (СЕММ)



# САМОРЕГУЛАЦИЈАТА

# И

# МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО

# САМОРЕГУЛАЦИЈАТА
## И
## МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО



**ИЗДАВАЧ**
Совет за етика во медиумите на Македонија
бул. Теодосиј Гологанов, бр. 54-2, Скопје, Македонија
www.semm.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**
д-р Марина Тунева

**АВТОР**
проф. д-р Дејан Донев

**ЛЕКТОР**
Хатка Смаиловиќ

**ДИЗАЈН**
Мај Принт

**Подготовката на оваа публикација се реализираше со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје и од Програмата ЦИВИКА Мобилитас и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје и на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).**

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.774:17(497.7)

ДОНЕВ, Дејан
Саморегулацијата и македонското новинарство / [автор Дејан Донев]. - Скопје : Совет за етика во медиумите на Македонија, 2016. - 20 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 19-20

ISBN 978-608-65978-2-5

а) Регулација на медиуми - Етика во новинарството - Македонија
COBISS.MK-ID 101993994

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| I | ВОВЕД ИЛИ: МОЖНО ЛИ Е НОВИНАРСТВО БЕЗ ЕТИКА? | 5 |
| II | ВО КОНТЕКСТ НА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА | 7 |
| III | ЗОШТО (САМО)РЕГУЛАЦИЈА? | 11 |
| IV | САМОРЕГУЛАЦИЈАТА И/ВО МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО | 15 |
| V | ЛИТЕРАТУРА | 19 |




# I ВОВЕД
# ИЛИ: МОЖНО ЛИ Е НОВИНАРСТВО БЕЗ ЕТИКА?

Новинарството е една од најистакнатите дејности на денешницата и позив кој, најверојатно, ќе стане свет во овој, трет милениум. Оваа професија се дефинира како „општествена дејност произлезена од одредени историски услови, како начин, облик и средство за комуницирање на големи далечини и меѓу големи заедници, при што нејзината функција е да ја известува јавноста за сите важни факти од реалноста, неопходни за осознавање на светот во кој живееме, без што човековото однесување не може ефикасно да се оствари“[1]. Самите новинари се око и уво кои ја гледаат и ослушнуваат јавноста и јавниот дух. Тие се пренесувачи, посредници и критичари во општеството и државата. Ги пренесуваат пораките, посредуваат како надворешна обвивка помеѓу власта и граѓаните и критички ги проценуваат јавните пораки и општествените и животните проблеми.

Токму затоа, **етиката и новинарството одат заедно** – како израз на моралните потреби на човештвото и на духовната моќ на новинарството. Тие се области кои денес е нужно меѓусебно да проникнуваат и да се надополнуваат во нивната практика: *етиката е еден од базичните супстрати на сознанието и информацијата т.е. вистината*. Се промовира и ставот дека новинарството во етиката наоѓа инспирација и сила за доследно и креативно дејствување. Во овој контекст, доколку вистината е медиумот помеѓу новинарството и етиката, тогаш целата новинарска јавна дејност и нејзината јавна одговорност се потврдуваат или паѓаат на испитот на вистината. Токму тука е врската или она „и“ помеѓу етиката и новинарството.

Тоа е затоа што во оваа т.н. етичка вистина е имплицирана една голема работа за која обично не сме свесни – „доколку околу себе шириш можност (за живот), а тоа значи борба за тој вистински живот, тогаш таа можност (а не нужност како надворешна непогода), ќе ти се врати како твоја сопствена можност да живееш како човек, како активен учесник во креирањето на заедничкиот живот. Сето останато, порано или потоа, се открива како лага, како најочигледно самозалажување или бумеранг. Во овој случај немаме право да се жалиме на сите прилики како на неприлики околу себе“[2].

Затоа, ангажираното поставување кон проблемите и доблесното справување со нив од страна на едно развиено, одговорно и морално новинарство, ја крепи стварноста со голем импулс кон напредок. „Запоставувањето на

---

[1] Milutin Srdić: *Leksikon novinarstva*, Savremena administracija, Beograd, 1979, стр. 184

[2] Milan Kangrga: „Etika i novinarstvo“ во *Medijska istraživanja*, god. 4, br.1, Zagreb, 1998, стр. 14

моралните проблеми од страна на новинарството, неговата неодговорност или отфрлање на етичкиот ангажман, како и неразвиеноста или падот на новинарството, а во таа смисла и губењето на неговата етичка височина, се сериозен импулс кон назадување на општеството“[3].

Во каква состојба е новинарството во Република Македонија, во каква реалност осознаваме како јавност? Реалноста која ја живееме не е розова ниту за едните, а уште помалку за другите. „Се случуваат процеси на преобразување на јавноста во маса, граѓаните во гледачи, а гледачите во пасивни работници кои медиумските корпорации си ги продаваат едни на други, заедно со своите продуцентски куќи, односно емисии т.е. медиуми“[4].

Затоа е важно и нужно повторно да се разговара отворено за овие прашања, за значењето на феноменот на етиката и моралот во новинарството и за нивната меѓусебна поврзаност и испреплетеност и посебно за саморегулацијата како етички инструмент за одговорно и совесно извршување на оваа професија, особено кај нас.

[3] Кирил Темков: „Етиката и новинарството денес“ во зборникот *Комуникологијата и други-те науки*, Правен факултет, Скопје, 2007, стр. 143

[4] Hrvoje Jurić & Sead Alić: *Filozofija i mediji,* Book of abstract „18 Days of Frane Petrić – Filozofija i mediji“, Cres, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2009, стр. 11

# II
# ВО КОНТЕКСТ НА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА

Прашањето за контекстот со појавата на саморегулацијата се поврзува со третиот начин на одредување на границите на слободата на изразување и новинарската работа, кој произлегува директно од доктрината за општествена одговорност на медиумите и новинарите која, пак, заедно со теоријата за правото на информирање почива на теоријата на заедништво. Таа е многу едноставна, логична и прифатлива и, според неа, оној во чии раце се средствата за информирање, поседува поголема општествена моќ. Па затоа, тој мора да се подреди на барањето за поголема општествена одговорност при извршувањето на работата, а најдобро е самиот да се воздржува од можноста за правење злоупотреби.

Значи, доктрината за општествена одговорност на медиумите и новинарите поаѓа од вербата дека со помош на јавниот збор нема да се дојде до опасните злоупотреби. Токму од оваа концепција за општествена одговорност, која повикува на доброволна согласност да не се прават одредени работи во општеството (самоограничување), произлегува и можноста и праксата за саморегулација на новинарските одговорности за јавниот збор. Оттука, саморегулацијата е цврсто настојување на медиумските професионалци да го одржат дијалогот со јавноста, особено на оние кои сè уште внимаваат на квалитетот во своето работење.

За таа цел и се воспоставува механизам за приговор од публиката која се занимава со оправдани критики на рационален и автономен начин. Медиумот чиј новинар ги прекршил етичките стандарди е должен прв јавно да ги објави моралните „санкции“. Смислата на „санкциите“ е јавно да се признае погрешното дејствување во форма на автокритичка објекција и на одреден начин да се упати јавно извинување за да се задоволи оштетената страна. Значи, оваа мерка ги охрабрува граѓаните и организациите да се јавуваат кај саморегулаторните тела тогаш кога ќе сметаат дека нивните права и слободи се загрозени од неодговорната работа на медиумите и новинарите. Дополнителна тежина на „санкциите“ им дава и фактот дека „казнетите“ медиуми и новинари го губат угледот, па затоа трпат и соодветни лоши економски последици, како намалување на продажбата на тиражот, намалување на слушаноста или на гледаноста.

Сево ова креира ситуација во која и сопствениците и тие што работат во медиумите бараат создавање свои кодекси на професионална етика, со што би ги потиснале во втор план и државата, и судовите. Во пракса тоа значи - решавањето на конкретните прашања во однос на (не)одговорноста

да им се препушти најпрвин на новинарската деонтологија, новинарските организации (професионалните здруженија или синдикати) и на нивните партнери - сопствениците на медиумите. Овие норми не се закони и затоа за нивното спроведување се грижат *советите за печат* или *судовите на честа* на новинарските организации, а не судовите. Тоа е тренд кој се шири глобално и, во овој контекст, кодексите на професионална етика во новинарството добиваат сѐ поголемо значење како плаузибилен, либерален начин на одредување на границите на слободата на изразување и новинарската работа.

Претходното укажува дека при транзицијата на општествените системи од самоуправувачки во демократски, саморегулацијата овозможува полесно ослободување од контролата на државата врз медиумите и зголемување на граѓанската контрола врз нив. Особено затоа што во младите демократски општества саморегулацијата го потврдува кредибилитетот на медиумите кај јавноста. Таа овозможува да ѝ се покаже и докаже на јавноста дека слободните медиуми не се неодговорни. Во државите во кои сѐ уште не постојат независни саморегулаторни тела треба да се задоволат два основни предуслова за да профункционира системот на саморегулација:

- професијата да се контролира (регулира) самата себе;
- тоа да го прави доброволно.

Во младите демократии, во кои се вбројува и нашата држава, медиумската саморегулација помага и да се зајакнат медиумите и медиумските работници во очите на јавноста. Особено затоа што во рамки на еснафот или во одредено независно саморегулаторно тело, и јавноста е активна во „поправањето" на новинарските грешки, покрај претставниците на професијата. Затоа со право се смета дека саморегулацијата е таа што овозможува дијалог со јавноста и нејзино активно вклучување во општествениот живот. Истовремено, таа е витално важна за медиумите бидејќи има функција да ги едуцира новинарите за тоа како да бидат подобри и одговорни во својата работа. Исто така, таа влијае едукативно и кај публиката (јавноста) со тоа што го развива и го подига нивото на медиумска култура.

> *„Во времиња во кои секој може да известува за настани на кои бил сведок, на тест се традиционалните медиуми кои треба да покажат сигурност бидејќи тоа сега станува прашање на живот или смрт. Механизмите за поплака нудат подобра заштита и повратна врска (фидбек). Тие се најбрз и најделотворен начин да се задоволи правдата во случаите кога фактичките грешки се направени или, пак, кога станува збор за повредување нечии права, во однос на започнување долг и исцрпувачки судски процес. И тука доаѓа до израз клучната задача на медиумската саморегулација - да се обезбеди оние кои известуваат за настаните брзо, да го прават тоа точно "*[5].

[5] Stjepan Malović (ur.): *Profesionalno novinarstvo & samoregulacija - Novi mediji i stare dvojbe u*

Значи, саморегулацијата како етички инструмент помага и за зајакнување на квалитетот на новинарството, зголемување на слободата на говорот, враќање (стекнување) доверба во медиумите, зголемување на одговорноста на медиумите кон јавноста, подобрување на професионалните стандарди и за враќање на достоинството на новинарската професија. Работи кои се повеќе од нужни во овој сегмент од живеењето.



*Jugoistočnoj Europi i Turskoj*, IZVORI, Zagreb, 2011, стр. 17

# III
# ЗОШТО (САМО)РЕГУЛАЦИЈА?

Етиката како морален компас на човештвото во прогресот денес, како и во иднина, е онаа магнетна игла која го покажува патот на опстанокот. Особено затоа што живееме во период на интензивирана глобална комуникација од која произлегува новата парадигма и свет означен како глобална егзистенцијална мрежа – „вмреженото општество". Во вакви услови сè повеќе доминира знаењето и екстремно брзиот пренос на информации од еден до друг крај на светот. Расте и потребата од повисок степен и квалитет на правата и на одговорностите кои произлегуваат од нив. Зголемени се и опасностите од перфидни и префинети облици на манипулација, пропаганда, индоктринација... што, во контекст на новинарството, значи и дека расте бројот на проблеми со моралот во извршувањето на оваа професија.

Исполнувајќи ги своите лични и медиумски одговорности при извршување на работата, новинарите се соочуваат со голем број морални предизвици, каде што доминираат прашањата за вистината, начинот на доаѓање до неа и почитување во медиумската комуникација; проблемот на слободата, долгот кон неа, слободното изразување и интелектуалната нечесност; потоа прашањето за приватноста (и како морален, и како правен концепт), рекламата и приватноста; како и истражувачкото новинарство и правото на приватност.

Одговорноста кон јавноста, која е највисоката одговорност на новинарот, ја губи смислата и станува само декларативна ако не е потврдена со реално и вистинско почитување на слободата и независноста, вистината, заштитата и унапредувањето на човековата личност, како и на правото на достоинствен живот. Тоа значи дека и новинарската професија го губи својот интегритет и својата автономија. Оттука, се поставува прашањето за моќта на медиумите во креирањето на реалноста и за нормите на новинарската деонтологија, и притоа се вели дека новинарот треба да ја види и „третата страна на паричката што се врти во воздухот".

Сите овие барања се поставуваат пред новинарите и медиумите, но и пред консументите, и затоа тие ја вклучуваат саморегулацијата на ниво на глаголот „треба". Имено, граѓаните го одобруваат јакнењето на (само) регулативата која се однесува на одговорностите за јавно искажаниот збор, затоа што се сведоци на појави кои ги актуелизираат прашањата за нивната (не)рамноправност во остварувањето на комуникациските права. Тие негативни појави опфаќаат:

*„- Употреба на сензационализми како скратени патиш-та во недостиг на квалитет во информирањето, за да се обезбеди побројна публика, односно поголема заработка;*

*- Загриженост на граѓаните и експертите во однос на силната концентрација на сопственииштво над различни видови медиуми т.е. појавата на медиумски конгломерати. Тие не само што доминираат на националните пазари, туку и се глобализираат*[6]*;*

*- Промени кои ги наметнува технологијата, односно конвергенција на класичните средства за информирање со телекомуникациските и со компјутерската технологија. Овие имаат поголем опсег и неограничен пристап и треба да подлежат на принципот на општествена одговорност;*

*- Зголемен ризик дека граѓаните може да се изгубат во т.н. информативна бура, поради пребогатата понуда на медиумски содржини. Се зголемија и можностите за манипулација и заведување паралелно со зголемувањето на бројот на медиумите и засилувањето на нивната меѓусебна конкуренција“*[7] .

Поучена од ваквите лоши примери, јавноста сè повеќе реагира со помала општа доверба во медиумите. Во науката тие се познати причини кои ја објаснуваат поддршката на граѓаните за воспоставување регулатива и саморегулатива, со цел да се подигне нивото на одговорност на медиумите и новинарите за она што го прават. Се работи за:

*„севкупност на автономни норми и тела за нивна имплементација, воспоставени како израз на слободната волја на припадниците на новинарската професија, со цел да се унапреди примената на професионалните и етичките стандарди во медиумите“*[8].

Ваков систем на саморегулација во однос на одговорностите почнува да функционира и да добива предност не многу одамна и на територијата на Европа и притоа е интересно што овој процес има силна поддршка од јавноста. Ваквото расположение на јавноста не остана без одек и во областа на јавната политика, па многу европски земји решија и самите да придонесат во јакнењето на телата кои создаваат кодекси на професионална етика. Иницираа создавање совети за печат (или медиуми), давајќи им простор и средства за да почнат со работа, а потоа им препуштија на телата самите да се грижат за одговорноста на медиумите и новинарите, без да се мешаат во нивното работење. Во други примери, особено кога станува збор за кодекси и уредувачки политики на радио и телевизиски компании од јавниот сервис, и самите претставници на државата имаат право да учествуваат во телата што ги донесуваат ваквите документи, но не и превласт.

[6] Примерот со Берлускони и неговото поседување голем број медиумски конгломерати во Италија, во поголем дел од Балканот, во Романија и пошироко.

[7] Дејан Донев: Етика во новинарството, УКИМ, Скопје, 2011, стр. 280-281

[8] Мирче Адамчевски et al.: *Осврт кон прашањето на саморегулација на медиумите во Македонија,* МИМ, 2010, стр. 4

И покрај зајакнувањето на саморегулацијата, во случај на потреба (дозволена во демократските општества) државата интервенира и со свои законодавни активности, создавајќи правни норми кои ги „покриваат“ оние појави кои се „испуштени“ или не се предвидени во кодексите на професионалната етика на новинарството. Тука, пред сè, спаѓаат прашањата за: можност или неможност да се воведе цензура кога се известува од подрачја на воени судири; ускратување на правото на јавен збор на екстремистички и терористички групи; загарантираното право на граѓаните или институциите на исправка или одговор и слично.

Сепак, со сигурност може да се тврди дека **јакнењето на саморегулацијата на медиумите и новинарите во светот претставува правило, додека дополнителната правна регулатива на државата се смета за исклучок** – законите за јавно информирање сè повеќе го губат своето значење или се настојува да бидат укинати, а како замена се применува саморегулацијата.



MARGIN RELEASE
TAB
SHIFT

# IV
# САМОРЕГУЛАЦИЈАТА И / ВО МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО

Од осамостојувањето до денес, Македонија нема долга традиција на користење на саморегулацијата како етички инструмент. Иако досега постоеја тела кои во своите принципи на функционирање наликуваа на саморегулаторни тела, сепак тие суштински и посветено никогаш не беа тоа. Македонските медиуми и новинарство сѐ уште се на почетокот. Речиси не постојат новинарски куќи кои имаат вистински механизми за саморегулација (кодекси, правилници, омбудсмани, статути...) а, од друга страна, медиумите секојдневно се соочуваат со политички или со економски притисоци. Во трката за профит или за политичка доминација, тие многу повеќе се подложни на самоцензура, отколку на саморегулација, која се случува внатре, во самите редакции, во спрегата сопственик-уредник-новинар. Самоцензурата е последица на притисоците врз медиумите, на нивната зависност (политичка или економска) од центрите на моќ и на лошите услови за работа. Спроведувањето на системот на саморегулација може да придонесе кон суштински промени. Затоа е сосема оправдано прашањето кое сегашната новинарска реалност неминовно го поставува во врска со ефикасноста и ефективноста на саморегулацијата кај нас: дали и колку може саморегулацијата да ја подобри работата во македонското новинарство?

Во Македонија има медиуми кои во минатото се обидуваа интерно да спроведат саморегулаторен механизам, со тоа што вработените со договорите за вработување потпишуваа и одреден кодекс на однесување, составен од етички норми и правила. Замислата во овие медиуми беше еден вработен новинар да ја има улогата на саморегулаторно тело и да ги спроведува саморегулаторните механизми со кои би се подобриле етичките стандарди во медиумот. Вакви обиди имаше во медиумската корпорација „Медија принт Македонија", чие раководство во 2010 година предложи вработените во издаваштвата и редакциите на медиумската групација ВАЦ во Македонија – Дневник, Утрински весник и Вест – да усвојат Кодекс на однесување, а уредниците - Етички начела за известување.

*„Етичкиот кодекс и Етичките начела биле изгот-вени во согласност со Кодексот на однесување усвоен од медиумската групација ВАЦ во мај 2007 година и со Начелата за гаранција на редакциската слобода, потпишани во јуни 2003 година меѓу ВАЦ и ОБСЕ. За да се обезбеди придржување кон Кодексот на однесување и Етичките начела, беше назначен омбудсман, како и трочлен*

*Издавачки совет. За омбудсман беше именуван главниот и одговорен уредник на Вестфаленпост од Хаген и претседавач на советот на омбудсмани за германскиот Кодекс на однесување[9]. Издавачкиот совет, пак, составен од експерти од Македонија, беше укинат во 2011 година, затоа што, според известувањето од ВАЦ, омбудсманот ја презел неговата улога“[10].*

Покрај парцијалните обиди за интерно да се спроведе саморегулаторен механизам, прашањето за саморегулација во македонското новинарство треба да се разгледува и во однос на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и неговиот Совет на честа. Основна задача на ова тело на ЗНМ е промовирање и грижа за спроведувањето на етичките принципи и стандарди за професионално работење на новинарите, наведени во Кодексот на новинарите на Македонија, донесен во 2001 година[11].

Од 2011 година ЗНМ почна посериозни обиди за промовирање на саморегулацијата како нужен етички механизам. Со поддршка на партнер од Норвешка (Norwegian People's Aid), реализираше консултативен процес во кој беа вклучени новинари, уредници и сопственици на медиуми, како и претставници на граѓански организации. Целта беше да се провери колку тие, како активни чинители во механизмот на саморегулацијата, се заинтересирани за неа. Во таа, консултативна фаза, претставниците на ЗНМ се сретнаа со повеќе од 250 новинари и уредници во Скопје и во останатите шест регионални центри на ЗНМ низ Македонија. На тркалезни маси и на одделни состаноци се разговараше за потребата од саморегулација во македонското новинарство[12].

Консултативната фаза од овој проект заврши со конференција која ЗНМ ја организираше на 29 јуни 2011 година во Скопје, на тема: „Саморегулацијата на медиумите во Република Македонија: Кон независни и одговорни медиуми“[13] . Со општ консензус беше донесен заклучок дека на македонското новинарство му е потребна саморегулација. Сите активни чинители ја поддржаа идејата за воспоставување саморегулаторно тело, а беше донесена и Декларација во која недвосмислено и прецизно се нагласи потребата од саморегулација во македонското новинарство и од воспоставување саморегулаторно тело.

*„-Целосно ја поддржуваме идејата за саморегулација како начин на самоорганизирање на медиумите со цел да се подобри*

---

[9] „ВАЦ усвојува Кодекс на однесување и етички начела“: Утрински весник, 17.03.2010 http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=1764842577AE2B4BA25C3E9EF51A59DF Пристапено: 22.08.2016

[10] Развојот на медиумите во Македонија според индикаторите на УНЕСКО: http://mim.org.mk/attachments/article/408/unesko_indikatori_v3.pdf Пристапено: 22.08.2016

[11] Важно е да се истакне дека ова тело е составено само од новинари избрани на собрание на ЗНМ, кои решаваат по претходно поднесени претставки што се однесуваат на новинари кои се членови на ЗНМ.

[12] Податоците се во согласност со истражувањата кои ги направивме за потребите на магистерскиот труд: „Потребата од саморегулација во македонското новинарство“ на м-р Јордан Дуков, одбранет на последипломските студии на насоката Медиуми и комуникации при Институтот за новинарство, медиуми и комуникации на Правниот факултет „Јустинијан I“ во Скопје, кон крајот на 2013 година.

[13] „Одржана конференција на тема: Саморегулација на медиумите“: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/110 Пристапено: 22.08.2016

*квалитетот на новинарството, во интерес на јавноста и на целото општество;*

*- Ја изразуваме нашата цврста заложба за уредувачка независност на медиумите како основен предуслов за етичко новинарство;*

*- Го поддржуваме начелото дека власта, политичките партии или другите центри на моќ не смеат да влијаат врз работата на медиумите, новинарите и на саморегулаторното тело;*

*- Изјавуваме дека ќе ги почитуваме одлуките на идното саморегулаторно тело, ќе ја поддржуваме неговата работа и ќе придонесуваме кон создавање на сите услови за професионално и независно новинарство*“[14].

Воспоставувањето механизам за медиумска саморегулација, чија цел е да се зголеми довербата на јавноста во медиумите, со тоа стана дел и од Стратешкиот план на ЗНМ за периодот 2012-2014[15], а особено заради потребата акцентирана во Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година, во рамки на Извештајот на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели, усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво.

*Приоритет 5 - Работната група за медиуми да дискутира за тоа кои се опциите за зајакнување на етиката и професионалните стандарди во новинарството, вклучувајќи и основање саморегулаторен механизам*[16].

Откако го заврши првиот проект и консултативната фаза во која се проверуваше пулсот на активните чинители во македонското новинарство за потребата од саморегулација како етичка алатка, ЗНМ во 2012 година почна уште еден проект за промовирање на саморегулацијата, како и конкретни идеи за формирање саморегулаторно тело - Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ)[17].

Идејата беше саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите да ги опфати сите видови медиуми во Република Македонија: традиционалните медиуми - телевизиите (национални, регионални и локални), дневните весници, неделниците, како и интернет-медиумите. Замислата беше во СЕММ да членуваат

---

14 Декларација на ЗНМ за поддршка на процесот на саморегулација на медиумите: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/docs/deklaracija Пристапено: 22.08.2016

15 Стратешки план на ЗНМ за периодот 2012-2014: http://znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Strateski%20Plan%20ZNM%202012-2014.pdf Пристапено: 22.08.2016

16 Извештај на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализацијата на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, 2012: http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/IzvestajVladanaRM.pdf Пристапено: 22.08.2016

17 Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го спроведе проектот за востановување саморегулаторно тело (кое ќе го применува системот на саморегулација во македонското новинарство) во соработка со Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и со поддршка од Амбасадата на Велика Британија во Скопје. За таа цел беше формирана работна група од осум члена (претставници на медиумите – менаџмент, новинари, и претставници на граѓанскиот сектор) која ја спроведе фазата на запознавање на сите активни чинители во македонското новинарство со придобивките од саморегулацијата.

медиуми кои сакаат да покажат дека работат одговорно и во интерес на публиката, почитувајќи ги професионалните и етичките принципи што самите би ги договориле и прифатиле, а јавноста да ја претставуваат граѓански организации (од различни сектори) кои ќе делегираат свои претставници во Основачкото собрание, како и претставници на јавноста во Управниот одбор.

За да се реализира идејата, работната група на ЗНМ за воспоставување саморегулаторно тело имаше повеќе консултативни средби со претставници на саморегулаторни тела од земјите од регионот и од Европа. Различни модели на саморегулација беа разгледувани за да се избере најприфатливиот за македонското новинарство. Беше одлучено дека е најпогоден трипартитниот модел на функционирање на саморегулаторното тело, кое би било составено од новинари и уредници, сопственици на медиуми и од претставници на јавноста[18], и би имало свои органи: Управен одбор, Надзорен одбор и Комисија за жалби[19] . Тоа би функционирало како независно тело, здружение на граѓани кое не би било во рамки на ЗНМ како што е Советот на честа.

Така и се роди Советот за етика во медиумите на Македонија[20], во декември 2013 година, во услови кога во македонското новинарство дотогаш постоеше само едно тело со саморегулаторна функција - Советот на честа[21] на Здружението на новинарите на Македонија. Согледувајќи ја етичката и професионалната криза во која македонското новинарство е од осамостојувањето па до денес, неопходно беше да се формира независно саморегулаторно тело (СЕММ)[22] за успешно да се спроведе концептот на саморегулација, а со тоа да се подобрат и етичките и професионалните стандарди на медиумите[23].

Советот за етика во медиумите на Македонија - саморегулаторното тело кое на дело ја спроведува саморегулацијата и придонесува за подобрување[24] на работата на македонските новинари, постои само неколку години, но јавноста преку него веќе постепено станува активна во заштитата на своите права доколку тие се повредени со/во некоја новинарска содржина. Со подигнување на моралниот праг на новинарите и со зголемување на нивната одговорност кон јавноста, се придонесува и во почитувањето и подобрувањето на етичките и професионалните стандарди во содржините објавени во електронските, печатените и во информативните онлајн-медиуми во Македонија. Исто така, се промовира и јавниот интерес како императив на кој новинарите треба да му служат.

[18] и чија независност од центрите на моќ е меѓу основните предуслови за да може да функционира системот на саморегулација.

[19] каде што граѓаните би можеле да ги упатуваат своите жалби и поплаки за работата на новинарите и медиумите.

[20] Повеќе информации на: www.semm.mk

[21] Основната разлика е во составот на членовите. Во Советот на честа при ЗНМ тие се исклучиво новинари, а во Комисијата за жалби при СЕММ членуваат претставници на новинарите, на медиумите и на граѓанскиот сектор затоа што моделот е трипартитен.

[22] „МИМ и ЗНМ го претставија Акцискиот план за подобрување на состојбите во медиумите": http://www.mim.org.mk/en/resources/18-arhiva/396-pretstaven-akciski-plan Пристапено: 22.08.2016

[23] Акциски план за подобрување на состојбата со медиумите во Република Македонија: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Акциски-план-ЗНМ-МИМ-март2012г.pdf Пристапено: 22.08.2012

[24] Впрочем, тоа го потврдува и Извештајот на Европската комисија, како и 120-те пријави кои досега се поднесени од јавноста до Комиисјата за жалби при СЕММ.

# V
# ЛИТЕРАТУРА


- Адамчевски, Мирче et al.: *Осврт кон прашањето на саморегулација на медиумите во Македонија,* МИМ, Скопје, 2010

- Акциски план за подобрување на состојбата со медиумите во Република Македонија: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Акциски-план-ЗНМ-МИМ-март2012г.pdf Пристапено: 22.08.2012

- Bernard, Claude – Jean: Deontologija medija, Zagreb, ICEJ, 2007

- „ВАЦ усвојува Кодекс на однесување и етички начела": Утрински весник, 17.03.2010 http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=1764842577AE2B4BA25C3E9EF51A59DF Пристапено: 22.08.2016

- Vojnović, Đura: „Oblici novinarske samoregulacije i odgovornosti" во *Etika javne reči u medijima i politici*, Zoran Vacić (ur.), Centar za liberalno-demokratske studije, Beograd, 2004

- Декларација на ЗНМ за поддршка на процесот на саморегулација на медиумите: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/docs/deklaracija Пристапено: 22.08.2016

- Донев, Дејан: *Етика во новинарството*, УКИМ, Скопје, 2011

- Дуков, Јордан: „Потребата од саморегулација во македонското новинарство" (магистерски труд од последипломските студии на насоката Медиуми и комуникации при Институтот за новинарство, медиуми и комуникации на Правниот факултет „Јустинијан I"), УКИМ, Скопје, 2013

- Извештај на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализацијата на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, 2012: http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/IzvestajVladanaRM.pdf Пристапено: 22.08.2016

- Jurić, Hrvoje & Alić, Sead: *Filozofija i mediji,* Book of abstract „18 Days of Frane Petrić – Filozofija i mediji", Cres, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2009

- Kangrga, Milan: „Etika i novinarstvo" во *Medijska istraživanja*, god. 4, br.1, Zagreb, 1998

- Malović, Stjepan (ur.): *Profesionalno novinarstvo & samoregulacija - Novi mediji i stare dvojbe u Jugoistočnoj Europi i Turskoj*, IZVORI, Zagreb, 2011

- „МИМ и ЗНМ го претставија Акцискиот план за подобрување на состојбите во медиумите": http://www.mim.org.mk/en/resources/18-arhiva/396-pretstaven-akciski-plan Пристапено: 22.08.2016

- „Одржана конференција на тема: Саморегулација на медиумите": http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/110 Пристапено: 22.08.2016

- Развојот на медиумите во Македонија според индикаторите на УНЕСКО: http://mim.org.mk/attachments/article/408/unesko_indikatori_v3.pdf . Пристапено: 22.08.2016

- Srdić, Milutin: *Leksikon novinarstva*, Savremena administracija, Beograd, 1979

- Стратешки план на ЗНМ за периодот 2012-2014: http://znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Strateski%20Plan%20ZNM%202012-2014.pdf Пристапено: 22.08.2016

- Темков, Кирил: „Етиката и новинарството денес" во зборникот *Комуникологијата и другите науки*, Правен факултет, Скопје, 2007

- Haraszti, Miklós: *Vodič za samoregulaciju medija*, Institut za medije Crne Gore, 2008

Kingdom of the Netherlands

Совет за етика во медиумите на Македонија
Ул. Мит. Теодосиј Гологанов 1000 Скопје
www.semm.mk / info@semm.mk
тел. 02 322 25 95

CIVICA MOBILITAS